# ТЕОРЕТСКА НАСТАВА ЗА ,,Б,, КАТЕГОРИЈА

**Прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата и безбедно однесување во сообраќајот**

# Општи прашања (значење на одделни изрази)

**Патнички автомобил** е моторно возило наменето за превоз на лица, кое освен седиштето на возачот има најмногу осум седишта.
**Велосипед** е возило што има најмалку две тркала и што се движи исклучиво со силата на возачот.
**Мопед** е возило на моторен погон со две или три тркала чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување не е поголема од 50 см $^3$(4KW) и чија брзина на рамен пат е ограничена на најмногу 45 км/час.
**Мотоцикл** е возило на моторен погон со две тркала, со странична приколка или без неа, чија работна зафатнина на моторот со внатрешно согорување е поголема од 50 см $^3$ (4KW) и чија конструкциски дозволена брзина е поголема од 45 км/час.
**„Лесна приколка“** е приклучно возило чија најголема дозволена маса не е поголема од 750 килограми.
**„Најголема дозволена маса“** е масата на возилото заедно со неговата носивост.

Велосипедската патека е наменета за сообраќај **за велосипеди, велосипеди со мотор и мопеди.**
**Локален пат** е јавен пат што поврзува населени места на територија на општината**.**
**Регионален пат** е јавен пат што поврзува економски подрачја на две или повеќе општини во Република Македонија.
**“Зона на смирен сообраќај**“ е подрачје во населено место обележано со пропишан сообраќаен знак, во кое нема ограничување на играта за деца и во кое возилата не смеат да се движат со брзина поголема од брзината на движење на пешаците.
Слободниот простор над коловозот, сметајќи од највисоката точка на хоризонталната подлога мора да биде во висина од најмалку **4,5 метри.**
Одржување на спортски и други приредби на пат е **дозволено само по претходно добиено одобрение.**
Контрола и регулација на сообраќајот на патиштата врши **Министерството за внатрешни работи.**
**„Намалена видливост**“ постои ако заради неповолни атмосферски или други временски прилики (магла, снег, дожд, прав, чад и сл) возачот не може јасно да ги воочи другите учесници во сообраќајот на оддалеченост од најмалку:
- 200 метри на пат надвор од населено место, односно
- 100 метри на пат во населено место.

**Категории на моторни возила**
Во категорија „А“ спаѓаат мотоцикли, трицикли и четирицикли чија работна зафатнина на моторот е поголема од 125 см$^3$ и чија сила на моторот е поголема од 11 KW.
Во поткатегорија „А1“ спаѓаат мотоцикли, трицикли и четирицикли чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 125 см$^3$ и чија сила на моторот не е поголема од 11 KW.
Во национална категорија „М“ спаѓаат мотокултиватори и приклучни возила што ги влечат мотокултиватори, велосипеди со помошен мотор, мопеди, лесни трицикли и лесни четирицикли .
Во категорија „Б“ спаѓаат моторните возила, чија вкупна маса не надминува 3.500 кг, кои немаат повеќе од осум седишта не сметајќи го седиштето на возачот.

Законската толеранција на алкохол во крвта кај возачите кои управуваат возила за сопствени потреби изнесува **до 0,5** г/кг.
Малата количина на алкохол во крвта кај возачот **ја намалува брзината на реакција.**
Заморот неповолно влијае врз психофизичките способности на возачот и за да се спречат несакани последици за време на возењето, најдобар лек за заморот е **одморот** кој може да биде активен и пасивен**.**

**Возила**

За регистрирано возило се издава сообраќајна дозвола со рок на важење од **една година.**
Технички преглед на моторни возила, кои не се постари од **осум** години се врши на **две** години.
Најголема дозволена должина на патничко возило изнесува **6 метри.**
Најголема дозволена должина на патнички автомобил кој влече приколка за домување изнесува до **15 метри.**
Моторните возила што се пошироки од 1,3 метри, на задната страна мора да имаат два катадиоптери во црвена боја, кои не смеат да имаат облик на **триаголник.**
Патнички автомобил со пет или повеќе седишта треба да има најмалку **две возачки огледала.**
Стоп светла не мора да имаат моторни возила кои на рамен пат не можат да се движат со брзина поголема од **20**км/час.
**Хидрауличниот** уред за работно сопирање најчесто се применува кај патничките моторни возила**.**
Работната сопирачка кај патничките автомобили е изведена така да делува **на сите четири тркала на возилото.**
Помошната (рачна) сопирачка кај патничките автомобили, сопирањето го врши по **механички принцип и делува на две тркала од возилото** (најчесто задните).
Слободниот од на управувачкото тркало (волан) не смее да биде поголем од **30** степени.
Употребата на најмалку соборените светла на возилото во сообраќај на пат задолжителна е **дење и ноќе.**
Светлосниот сноп на соборените светла пред возилото треба да осветлува дел од патот од најмалку **40 метри, а најмногу 80 метри.**
Возилата не смеат на предната страна да имаат светлосни или светлосно-сигнални уреди што даваат светлост во **црвена боја.**
Катадиоптери во форма на рамностран триаголник, смеат да се вградуваат само на **приклучни возила.**
.

**Задолжителна опрема**
Како задолжителна опрема кај патничките возила спаѓа:
-резервно тркало;
-знак за означување запрено возило на коловоз (сигурносен триаголник);
-опрема за укажување на прва помош (кутија за прва помош);
-резервни сијалици и осигурачи;
-јаже, сајла за влечење;
-зимска опрема – зимски пневматици М+С, синџири за снег (15 ноември до 15 март);
-сигурносен - рефлектирачки елек;

**Превоз на товар и лица**
Товарот на возилото не смее да ја помине најоддалечената точка на предната страна на возилото повеќе од **еден метар**.
Ако товарот на возилото или приклучно возило ја поминува за повеќе од еден метар најоддалечената точка на задната страна на возилото трба да биде означена со црвена ткаенина.
Во патничко моторно возило на предното седиште не смее да се превезува дете, помало од **12 години.**
Обврската за врзување со сигурносни појаси додека возилото се движи во сообраќај на пат, важи за **сите лица што се наоѓаат во возилото каде што има вградено сигурносни појаси**

**Сообраќај на велосипеди, велосипеди со помошен мотор, мопед**
Возачот на велосипед, велосипед со помошен мотор и мопед должен е да се движи што поблиску до десниот раб на коловозот, а ако постои велосипедска патека – по велосипедската патека односно лента.
На пат со велосипед може да управува лице кое има навршено **10 години возраст.**
Ако двајца или повеќе возачи на велосипед, велосипед со помошен мотор и мопед се движат во група должни се да се движат еден по друг.
Возачот на велосипед, велосипед со помошен мотор и мопед не смее да се движи по велосипедската патека односно лента со брзина поголема од 25 км/час.
Деца до 14-годишна возраст не смеат на велосипед да превезуваат други лица.
На велосипед, велосипед со мотор, мопед , лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл смее да се превезува дете ако има навршено најмалку **седум години возраст и ако има вградено посебно седиште пред возачот.**
Приколката која ја влече велосипед, велосипед со мотор и мотоцикл, не смее да биде поширока од **еден метар.**
Со мопед не смеете да се движите на пат со брзина поголема од **45 км/час.**

# Б)Сообраќајни знаци и знаци што ги дават униформирани полициски службеници

- 1,Поим,улога и значење на сообраќајните знаци за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот на патиштата
- 2,Поделба на сообраќајните знаци (вид форма боја значење и поставување
- 3,Знаци за опасност(форма,боја и значење)

# Сообраќајни знаци за опасност



Опасност на патот

Сообраќајните знаци за опасност служат учесниците во сообраќајот на патот да се предупредат за опасноста што им се заканува на определено место, односно на дел од патот и да се известат за природата на таа опасност.

Знаците за опасност имаат форма на рамностран триаголник. Основната боја им е бела, симболите се претставени со црна боја, а рабовите им се во црвена боја.

Надвор од населено место, знаците за опасност по правило се поставуваат од 150 до 250 метри пред опасното место на патот.



Сообраќај во две насоки



Вкрстување со кружен тек на сообраќајот



Крстосување со споредeн пат под прав агол



Крстосување на патишта со иста важност



Кривина налево



Кривина надесно



Двојна кривина или повеќе кривини еднoподруго од кои првата е надесно



Двојна кривина или повеќе кривини еднoподруго од кои првата е налево



Спојување на два пата со еднонасочен сообраќај во пат со двонасочен сообраќај





Спојување со споредень пат под прав агол од лева страна

Спојување со споредень пат под прав агол од десна страна



Спојување со споредени пат
под остар агол од лева страна



Спојување со споредени пат
под остар агол од десна страна




Опасна нагорнина




Опасна надолнина



Нерамен коловоз
поради издадености
и вдлабнатини на патот



Нерамен коловоз
поради превој или
издаденост на патот



Нерамен коловоз
поради вдлабнатини
на патот



Опасност од мраз на патот



Лизгав  коловоз



Одронување на камења



Камења прскаат



Стеснување на пато



Стеснување на патот
од лева страна



Стеснување на патот
од десна страна



Густ сообраќај поради
колона запрени возила



Работи на патот



Бочен ветар



Подвижен мост



Близина на брег



Наидување на
светлосни  сообраќајни
знаци вертикално
поставени



Наидување на светлосни
сообраќајни знаци
хоризонтално поставени



Обележан пешачки премин



Пешаци на патот



Деца на патот



Близина на
автобуска станица



Близина на
воздухопловна писта



Велосипедисти на патот



Дивеч на патот



Животни на патот



Премин на патот преку железничка пруга со браници или полубраници



Премин на патот преку железничка пруга без браници или полубраници



Трамвајска пруга



Андреин крст – со
еден колосек



Андреин крст – со два
или повеќе колосеци



Приближување кон премин
на патот преку железничка
пруга без браници или
полубраници



Приближување кон премин
на патот преку железничка
пруга со браници или
полубраници



Превртување или излизгување на возила



Неутврдена банкина



Тунел



Опасност од пожар

# 4,Сообраќајни знаци за изречни наредби

Сообраќајните знаци за изречни наредби им даваат до знаење на учесниците во сообраќајот на патот за забраните,
ограничувањата и обврските кон кои тие мораат да се придржуваат.
Знаците за изречни наредби се поставуваат непосредно пред местото од каде за учесниците во сообраќајот настанува обврската да се придржуваат кон наредбата изразена со сообраќајниот знак.
Овие знаци имаат важност до првата крстосница по знакот, односно до следниот сообраќаен знак со кој се менува изречната наредба.
Знаците за изречни наредби имаат форма на круг.

Знаците за изречни наредби се делат на:
- Знаци за забрана, односно ограничување – основната боја им е бела со црвен раб.
- Знаци за обврска – основната боја им е темносина, а симболите се во бела боја.

## Знаци за забрана, односно ограничување



Забрана за сообраќај во двете насоки



Забрана за сообраќај во една насока




Ограничување на брзината




Задолжително запирање



Крстосување со пат со првенство на минување

Овие два знака отстапуваат во однос на формата, бидејки како знаци кои непосредно на крстосницата го регулираат сообраќајот за учесниците во сообраќајот, се јавува потребата да како единствени по својот облик, бидат лесно воочливи и препознатливи.



Забрана на сообраќај за сите возила на моторен погон освен за мотоцикли без приколка и за мопеди



Забрана на сообраќај за сите возила на моторен погон




Најмало растојание меѓу возила



Забрана на сообраќајот
за велосипеди



Забрана на сообраќајот
за велосипеди со мотор



Забрана на сообраќајот
за моторцикли



Забрана на сообраќајот за сите возила
на моторен погон и запрежни возила







Забрана на сообраќајот
за пешаци

Забрана на сообраќајот
за коњаници



Забрана на сообраќајот за товарни возила



Забрана на сообраќајот за автобуси



Забрана на сообраќајот за трактори



Забрана за паркирање



Забрана за запирање и паркирање



Наизменично паркирање



Наизменично паркирање



Забрана за
свртување налево



Забрана за свртување
надесно



Забрана за полукружно
свртување



Првенство на минување за возилата од спротивна насока



Забрана за престигнување на сите возила на моторен погон



Забрана за престигнување за товарни возила



Забрана на сообраќајот за цистерни



Забрана на сообраќајот за возила што превезуваат експлозив или некои запалливви материи



Забрана на сообраќајот за возила што пренесуваат опасни материи




Забрана на сообраќајот за возила чија вкупна маса ја преминува определената маса




Забрана на сообраќајот за возила што го пречекоруваат определеното оскино оптоварување




Забрана на сообраќајот за возила чија вкупна широчина ја преминува определената




Забрана на сообраќајот за возила чија вкупна висина ја преминува определената




Забрана на сообраќајот за возила што ја пречекоруваат определената должина



Забрана на сообраќајот за возила на моторен погон што влечат приклучно возило, освен полуприколка



Забрана на сообраќајот за возила на моторен погон што влечат приклучно возило



Забрана на сообраќајот за запрежни возила



Забрана на сообраќајот за рачна количка




Забрана за минување без запирање - царина




Забрана за минување без запирање - патарина




Забрана за минување без запирање - полиција



Забрана за давање звучни знаци



Забрането фотографирање

**Знаци за обврска се :**



Задолжителна насока



Задолжителна насока



Задолжителна насока



Задолжителна насока



Задолжителна насока



Задолжителна насока



Дозволени насоки



Дозволени насоки



Дозволени насоки



Кружен тек на сообраќајот



Задолжително обиколување од левата страна



Задолжително обиколување од десната страна



Патека за велосипедисти



Патека за пешаци



Патека за велосипедисти и пешаци



Патека за коњаници



Зимска опрема




Најмала дозволена брзина

## Знаци за известување

Знаците за известување им ги даваат на учесниците во сообраќајот потребните известувања за патот по кој се движат, населените места низ кои минува патот, оддалеченоста до тие места, објекти или служби кои се наоѓаат по должина на патот, за престанување на важноста на знаците за изрични наредби како и други известувања што можат да им бидат
корисни.

Овие знаци имаат форма на круг, квадрат или правоаголник .
Основната боја на знаците за известување е бела или светложолтеникава со симболи и натписи со црна боја, односно темносина со симболи и натписи со бела или црна боја.



Пат со првенство на минување



Завршување на патот со првенство на минување




Ограничување на најголемата дозволена брзина на патиштата во Република Македонија




Република Македонија



Пат со еднонасочен сообраќај



Првенство на минување во однос на возилата од спротивна страна



Пат со еднонасочен сообраќај




Брзина која се препорачува




Престанок на препорачаната брзина



Престанување на сите забрани



Престанување на забраната за престигнување на сите возила на моторен погон освен на велосипеди со мотор



Престанување на забраната за престигнување на товарни возила



Престанок на забраната за давање звучни сигнали




Престанување на ограничување на брзината




Означување на место од каде што престанува ограничувањето на брзината



Завршеток на патека за коњаници



Завршеток на велосипедската патека



Завршеток на пешачката патека



Престанување на обврската за употреба на зимска опрема



Подрачје на смирен сообраќај



Завршеток на подрачјето на смирен сообраќај



Автопат



Пат резервиран за сообраќај на моторни возила



Завршеток на автопат



Завршеток на пат резервиран за сообраќај на моторни возила



Дозволено обиколување



Издаденост на патот



Проширување за принудно запирање на возила




Проширување за принудно запирање на возила со “SOS“ телефон




Зона во која е ограничена брзината




Зона во која е ограничено времетраењето на паркирањето




Пешачка зона




Завршеток на зона во која е ограничена




Завршеток на зона во која е ограничено времетраењето на




Завршеток на пешачка зона




Паркиралиште




Временско ограничување на паркирањето




Гаража



Обележан пешачки премин



Деца на патот



Обележан премин за велосипедска патека



Подземен или надземен пешачки премин




Болница




Полициска станица



Станица за прва помош



Противпожарна служба




Училишна патрола




TAXI стојалиште



Бензиска станица



Телефон



Работилница за поправка на возила



Вода за пиење



Информации



Ресторан



Кафеана




Тоалет



Хотел или
мотел



Терен за
кампување во
приколки



Терен за кампување
со возила



Терен за
кампување под
шатори



Планинарски
дом



Терен уреден
за излетници




Радиостаниц
а



Пералница
за возила



Стојалиште за автобус



Аеродром



Трамвајска станица




Планински превој



Возило за помош на патот



Пристаниште



Траект




Подрачје на заштитени води



Насока на движење на возила што имаат намера да свртат налево на крстосницата на која што свртувањето налево е забрането



Престројување на возила



Слеп пат




Назив на населено место




Завршеток на населено место




Завршеток на едно населено место и почеток на следно населено место




Река




Патен објект (
тунел)




Патен објект (вијадукт)




Патоказ за аеродром




Патоказ




Патоказ




Патоказ за обиколница




Патоказ за обиколница




Патоказ за обиколница




Предзнак за затворање на сообраќајна лента



Затварање на сообраќајна лента




Предзнак за пренасочување на сообраќајот на пат со одвоени коловозни ленти




Предзнак за пренасочување на сообраќајот на пат со одвоени коловозни ленти



Обиколна насока
за одредени
видови возила



Обиколна насока
за одредени
видови возила



Сообраќајна лента
за одреден вид
возила




Сообраќајна лента со
вметнат сообраќаен
знак




Предзнак за рачно регулирање на сообраќајот




Престројување на возила со називи на населени места




Предзнак за обиколување



Сообраќајна лента за возила за јавен превоз на патници




Дозволена брзина на поединечна сообраќајна лента



Завршеток на сообраќајна лента за возила на јавен превоз на патници




Сообраќајна лента за возила за јавен превоз на патници




Број на автопат




Број на меѓународен пат




Број на експресен пат,магистрален пат и пат резервиран само за моторни возила




Регионален пат




Крстосница




Крстосница со кружен облик




Претпатоказ




Претпатоказна табла за излез




Забрана за влегување на одредени видови возила на автопат или пат резервиран за сообраќај на моторни возила




Табла за означување излез




Одмаралиште




Потврдување на насоката




Известување за наплата на патарина




Километарска ознака за автопат




Излез од автопат или од пат резервиран за сообраќај на моторни возила




Национална автоознака на сообраќајните знаци




Ознака на бројот на излез или јазол



Ознака на јазли на автопатишта



Место на кое  паркирањето е наменето само за инвалидизирани лица




Оддалеченост од знакот до раскрсницата на која возачот  дава предност на сите возила што се движат на патот на  кој тој наидува

# Дополнителни табли




Оддалеченост од поставениот сообраќаен знак и местото каде започнува опасната надолнина



Оддалеченост од 160 метри од преминот на пат преку железничка пруга со браници или полубраници







Должина на дел од патот на кој што се изведуваaат работи на патот

Време во кое е забрането запирање и паркирање на страната од патот каде е поставен сообраќајниот знак




Должина на дел од патот на кој важи забраната за престигнување



Се движиме на патот со првенство на минување ако свртуваме надесно



Забрана за свртување налево само за товарни моторни возила



Почеток на дел од патот на кој постои опасност од мраз

**Сообраќај на крстосница на возило што се движи по шини**




На крстосница на патишта од иста важност, возилото што се движи по шини има првенство на минување во однос на останатите возила кои се движат на крстосницата.







Кога шинското возило влегува на пат што со сообраќаен знак е означен како пат со првенство на минување и на крстосницата свртува налево, должен е да ги пропушти возилата кои се движат на патот со првенство на минување, а има првенство на минување  и во однос на возилата кои доаѓаат од спротивната насока и го задржуваат правецот на своето движење или свртуваат надесно.

Кога шинското возило се движи на пат означен како пат со првенство на минување и на крстосницата свртуваналево, има првенство на минување во однос на возилото кое доаѓа од спротивната насока и го задржува правецот на своето движење или свртува надесно.

**Сообраќај на крстосница со кружен тек на сообраќајот**




Возачот кој со возилото се движи во крстосница со кружен тек на сообраќакајот има првенство на минување во однос на возачите кои се вклучуваат во крстосницата.

## Сообраќај на крстосница со кружен тек на сообраќајот




Возачот кој со возилото се движи во крстосница со кружен тек на сообраќаќајот има првенство на минување во однос на возачите кои се вклучуваат во крстосницата.




Возачот кој со возилото се движи во крстосница со кружен тек на сообраќајот каде што коловозот има две или повеќе сообраќајни ленти должен е да се престрои во внатрешната сообраќајна лента, освен ако има намера да ја напушти крстосницата на најблискиот излез (десно или право).

## Крстосници надвор од ниво, со подвозник - надвозник




На крстосница на патишта од иста важност надвор од ниво, вклучувањето и исклучувањето на возилата се врши исклучиво од десната страна на патот.




На крстосница на главен и спореден пат надвор од ниво, вклучувањето и исклучувањето на возилата се врши исклучиво од десната страна на главниот пат, а на спoредниот пат може и од левата и од десната страна.

## Разминување

„Разминување“ е минување со возило покрај друго возило кое се движи по истиот коловоз од спротивната насока.



При разминување, возачот е должен од својата лева страна да остави доволно растојание помеѓу своето возило и возилото со кое се разминува, а по потреба своето возило да го помести кон десниот раб на коловозот.
Ако заради недоволна ширина на патот, разминувањето е оневозможено, возачот на кого му е полесно да запре со оглед на околностите и состојбата на патот, должен е да го помести своето возило и прв да запре за да овозможи безбедно разминување.





Кога на крстосница возилата доаѓаат од спротивни насоки и свртуваат налево, возачот се разминува со возилото од спротивната насока на тој начин што го пропушта од десна страна.









На дел од патот каде разминувањето на возилата е невозможено поради стеснување на патот (од било кои причини) разминувањето на возилата може да биде регулирано со сообраќајни знаци.



Ако делот од патот на кој се изведуваат работите е прегледен по целата своја должина и ако работите се изведуваат дење, а не траат подолго од четири часа, наизменичното пропуштање на возилата може да го регулираат определени лица со наизменично кревање и спуштање на црвено односно зелено знаменце.

Право на минување имаат возилата што наидуваат од насоката каде што е кренато зеленото знаменце.

## Престигнување и обиколување






„Престигнување“ е минување со возило покрај друг учесник во патниот сообраќај кој се движи во иста насока по иста сообраќајна лента.




„Обиколување“ е возење покрај запрено или паркирано возило или друг објект што се наоѓа на сообраќајната лента по која се движи возилото.

Престигнување е едно од најсложените и најопасните дејствија што возачот ги превзема со возилото во сообраќајот.
Бидејќи се изведува со зголемена брзина на движење, пострашни се и последиците доколку дојде до опасност
од сообраќајна незгода.

**Пред да започне со престигнување на возилото кое се движи пред него, возачот е должен да ја утврди**
**состојбата во сообраќајот на тој дел од патот:**

*1.дали е дозволено престигнување на тој дел од патот*



*2. дали има доволно прегледност на тој дел од патот (кривина, врв   на преслап, превалец)*



*3. дали има доволно простор на сообраќајната лента од спротивен правец, по која треба да го изврши престигнувањето (проценка на брзината на движење на возилото кое го престигнува како и на возилото кое се движи од спротивен правец)*



*4. да ја утврди состојбата во сообраќајот зад возилото, со помош на возачките огледала, особено со левиот страничен ретровизор*



Откако ќе се увери дека може безбедно да се изврши престигнувањето, возачот ги вклучува левите трепкачи на возилото и престигнувањето го изведува држејки го своето возило на потребната бочна оддалеченост од возилото кое го престигнува. По престигнувањето, возачот е должен со возилото повторно да се врати во сообраќајната лента во која се движел пред тоа.

**Престигнувањето се врши од левата страна, сметано во правецот на движењето на возилото.**
**Во два случаи, престигнувањето може да се изврши и од десната страна сметано во правецот на движење на возилото и тоа кога:**

*-престигнувате возило кое на коловозот завзело таква положба и неговиот возач дава таков знак од што со сигурност може да се заклучи дека свртува налево*



*- престигнувате возило кое што се движи по шини поставени по средината на коловозот, доколку меѓу шинското возило и десниот раб на коловозот постои сообраќајна лента*



**Возачот не смее со возилото да започне престигнување или обиколување:**

*-колона на возила*





*- ако возачот кој се движи зад него започнал со престигнување*



*- ако возачот кој е пред него на истата сообраќајна лента дал знак дека има намера да го престигне или обиколи возилото кое е пред неговото возило*



*- по сообраќајна лента што е наменета за принудно запирање на возилата*



Возачот не смее со возилото да престигнува друго возило кое се движи на коловоз наменет за сообраќај во две насоки пред врв на преслап на патот или во кривина кога прегледноста на патот не е доволна



Возачот не смее да престигнува друго возило, освен велосипед, велосипед со мотор и мотоцикл без странична приколка, непосредно пред крстосница или непосредно пред и на премин на патот преку железничка пруга на ниво без браник или полубраник



Возачот не смее да престигнува друго возило кое се приближува кон обележан пешачки премин или кое застанало заради пропуштање на пешаци на тој премин



На јавен пат на кој постојат најмалку две сообраќајни ленти наменети за сообраќај на возила во иста насока, побрзото движење на возилата на едната лента од  движењето на возилата од другата сообраќајна лента на патот, не се смета за престигнување



Ако на средината на коловозот се наоѓа пешачки остров, обележан или на друг начин означен простор или некој објект или уред, нив возилата задолжително ги обиколуваат од десната страна, додека на пат со еднонасочен сообраќај може и од десната и од левата страна







Запирање на возило е секој прекин на движењето на возилото на патот во траење до три минути. Освен прекинот  што се врши заради постапување според сообраќаен знак или правило со кое се регулира сообраќајот.




Паркирање на возило  е прекин на движењето на возилото во траење подолго од три минути.



Возачот кој запира или паркира возило на пат, должен е да го стори тоа непосредно покрај десниот раб на коловозот.



На пат на кој сообраќајот се одвива  само во една насока – возачот може да го запре односно паркира возилото  покрај десниот или левиот раб на коловозот.




На јавен пат, на простор наменет за запирање и паркирање на возила како и на посебно уредена сообраќајна површина наменета за движење на пешаци и велосипедисти, забрането е да се оставаат возила кои заради оштетеност односно дотраеност, не се употребуваат во сообраќајот.




На јавен пат надвор о д населено место, возачот е должен секогаш  кога за тоа постои можност возилото да го запре или паркира надвор од коловозот.



Кога возилото е запрено на дел од патот што не е доволно прегледен така што останатите учесници тешко можат навремено да го забележат, зад запреното возило се поставува знак за запрено возило (сигурносен триаголник) на доволна оддалеченост, која на пат надвор од населено место не може да биде помала од 50 метри

**Возачот не смее да запре или паркира возило особено :**



На обележан пешачки премин и на оддалеченост помала од пет метри од тој премин.
На премин на велосипедска патека  преку коловозот.




На премин на патот преку железничка или трамвајска пруга во исто ниво.
Пред премин на пат преку железничка или трамвајска пруга во исто ниво и на оддалеченост  помала од  15 метри од тие премини.




На крстосница и на оддалеченост  помала од пет метри од најблискиот раб на напречниот коловоз.




На дел од коловозот, кој како стојалиште за возила на јавниот сообраќај е обележан со ознаки на коловозот.

На оддалеченост  помала од 15 метри пред и зад знакот со кој е обележано стојалиште за возилата за јавен сообраќај.




На место на кое возилото би го засолнувало поставениот сообраќаен знак или уредот за давање светлосни сообраќајни знаци .



Пред влез во објект, двор или гаража

Над приклучок на водоводна мрежа или влез во канализација или друга мртежа на комуналните претпријатија






На велосипедска патека, односно лента. На тротоар, односно пешачка патека, ако тоа не е изречно регулирано со сообраќаен знак.
Ако е дозволено паркирање, задолжително треба да се остави најмалку 1,6 метри ширина на површината за движење на пешаци, со тоа што таа површина не може да биде покрај работ на коловозот.

На запрено или паркирано возило не смее да се отвораат вратите, ако при тоа се попречуваат останатите учесници во сообраќајот.



На хортикултурно уредени  зелени површини, градски зеленила и паркови.





На дел од јавен пат каде ширината на слободниот премин од запреното или паркираното возило до полната надолжна линија на коловозот или до некоја пречка на патот би била помала од три метри.





Во тунели, на мостови, во подвозници и на надвозници, како и на делови на патот под мостови и надвозници На дел од јавен пат во близина на врв од преслап и во кривина, каде што прегледноста на патот е недоволна  и каде што обиколување  на возилото не би можело да се изврши без опасност



На место каде  возилото би го оневозможило пристапот на друго возило, заради паркирање или излегување на веќе паркирано возило

# Начини на запирање и паркирање на возилото

Во однос на положбата на запреното возилото и работ на коловозот постојат  три начини на паркирање на возилото:



- Косо паркирање




- Паралелно или право паркирање;






- Паркирање под прав агол




На  обележано паркинг  место  за лица со посебни потреби, возачот не смее да го паркира своето возило

## Движење на пешаци

Пешакот, по правило не смее да се движи и да се задржува на коловозот. На јавен пат што има тротоар или друга површина определена за движење на пешаци, пешакот е должен да се движи по тие површини.







Пешакот кој се движи по коловоз на јавен пат надвор од населено место должен е да се движи по левиот раб на коловозот во правецот на движење.

По исклучок, пешакот може да се движи до десниот раб на коловозот само кога таквото движење за него е посигурно (непрегледна кривина, одрон, бездна и слично)







Пешакот кој турка рачна количка, велосипед, велосипед со мотор, мотоцикл, трицикл, четирицикл, како и лицата кои се движат со помош на подвижни столови за немоќни лица, како и организирана колона на пешаци, се движат до десниот раб на коловозот во правецот на движење

Лице кое се движи со помош на подвижен стол за немоќни лица, што се движи со силата на сопствен мотор, може по исклучок да се движи и по тротоар, ако брзината на неговото движење не е поголема од брзината на пешачки од.






На јавен пат што има обележани пешачки премини или посебно изградени премини односно минувалишта за пешаци, пешакот е должен при преминување на патот да се движи по тие премини.
На обележан пешачки премин на кој сообраќајот не е регулиран со светлосни сообраќајни знаци, ниту со знаци што ги дава полицаец, пешакот е должен пред стапнување на пешачкиот премин да обрне внимание на оддалеченоста и на брзината на возилата што му се доближуваат.



Пешакот е должен при преминување на патот да се движи по обележан пешачки премин, односно минувалиште
ако тоа од него не е оддалечено повеќе од 100 метри.
Пешакот што е со намера да премине преку коловозот на место каде што не постои обележан пешачки премин, не смее да стапи на коловозот, ако со тоа го попречува сообраќајот на возилата.





На коловоз не смее да се игра, лизга, скија и санка, како и да се вози тротинет, ролери, скироли и друго.

## Обврска на возачите кон пешаците





Ако на обележаниот пешачки премин сообраќајот не е регулиран со уреди за давање светлосни сообраќајни знаци, ниту со знаци на униформиран полициски службеник, возачот е должен кон таквиот пешачки премин да се доближува со доволно умерена брзина и да го запре своето возило за да ги пропушти и не ги загрози пешаците кои стапиле или кои стапуваат на пешачкиот премин.



Ако обележаниот пешачки премин се наоѓа на влезот  на страничен пат, возачот кој свртува на тој пат е должен  свртувањето да го врши со намалена брзина и да ги пропушти пешаците што веќе стапиле или што стапуваат на пешачкиот премин, а по потреба и да го запре своето возило.